ПРЕДЛОГ

Протокол за реализација на настава со физичко присуство на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во зимскиот семестар, 2020-2021 година

НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

ОПШТИ УСЛОВИ

1. Архитектонски факултет-Скопје (АФС) ќе организира настава со физичко присуство само во случај на стабилен или опаѓачки број на заболени од Ковид-19 вирусот во Скопје и државата.
2. Во случај на зголемен број на случаи на заразени со Ковид-19 вирусот во Скопје и во државата, како и појава на заразени во академската заедница на факултетот, Наставно-научниот совет ќе одлучи за начинот на реализацијата на наставата;
3. АФС ќе премине на учење на далечина доколку Владата наложи затворање на високообразовните институции или ако постои ширење на Ковид-19 меѓу академската заедница. Потоа, факултетот ќе продолжи да работи според протоколот за настава на далечина, при што студентите ќе имаат пристап како до синхроно, така и до асинхроно учење.
4. Наставата со физичко присуство која може да вклучува предавања, вежби, консултации, презентации, колоквиуми и испити или само дел од нив се реализира со користење на просториите на АФС од страна на наставниците, соработниците и студентите исклучиво во согласност со протоколот за реализација наставата со физичко присуство усвоен од страна на АФС, протоколите за заштита од ширење на вирусот Ковид-19 од Владата на РСМ и протоколите на Светската здравствена организација;
5. Наставниците, соработниците и студентите на АФС треба да се грижат за својата здравствена состојба и доколку почувствуваат некои од симптомите на Ковид-19 вирусот треба веднаш да се јават во најблиската здравствена организација и кај нивниот матичен лекар и да практикуваат самоизолација;
6. Наставниците, соработниците и студентите на АФС не смеат да доаѓаат на настава доколку почувствуваат некои од симптомите на Ковид-19 вирусот и треба веднаш да се јават во најблиската здравствена организација и кај нивниот матичен лекар и да практикуваат самоизолација;
7. Во случај на појава на симптоми на зараза од Ковид-19 вирусот наставниците, соработниците и студентите се должни веднаш да го информираат деканот или продеканите на АФС и да ги преземат сите здравствени и превентивни мерки за самоизлоацијa;
8. Наставата со физичко присуство се одвива согласно годишниот календар на УКИМ, распоредот на часови во текот на работната недела усвоен од страна на ННС на АФС на почеток на семестарот и во временскиот период

определен со распоредот. Постои можност за договор помеѓу предметниот професор и студентите да се измени терминот за реализација на наставата по предметот, но тоа не смее да ја попречува на било каков начин реализацијата на наставата по другите предмети од истата студиска година или од другите студиски години и да биде во колизија со распоредот;

9. При влез во објектот на АФС наставниците, соработниците и студентите се должни да носат заштитна опрема која вклучува маска за лице и евентуално заштитен визир и да ги почитуваат општите мерки за одржување на хигиена и дезинфекција на рацете;
10. При престојот во објектот на АФС сите корисници на просторот треба да практикуваат физичка дистанца од најмалку 1,5 м, да не се ракуваат или поздравуваат со физички контакт и во случај на кашлање или кивање истото да го чинат со покривање на устата и носот;
11. Комуникацијата на студентите со студентската служба и деканатот на факултетот ќе се реализира исклучиво по електронски пат со користење на службените е-мејл адреси. Во случај на потреба, контактот со вработените во студентската служба ќе се реализира со почитување на сите мерки за заштита и превенција од ширење на заразата и користење на лична заштитна опрема;

ПОСЕБНИ УСЛОВИ

12. На сите влезови во објектот и во различни делови на објектот на АФС ќе бидат поставени пунктови со средства за дезинфекција на раце и дезинфекција на обувките;
13. АФС ќе ги стави во функција сите влезови и излези во објектот и ќе изготви распоред за влез и излез со различно време на влегување и излегување на студентите од различни студиски години со цел да се намали интензинтетот на контакти помеѓу студентите од различни студиски години;
14. АФС ќе ги означи патеките на движење на корисниците на просторот на АФС со цел да се избегнат непотребните контакти на различни групи корисници;
15. При влез во објектот на АФС овластено лице ќе врши мерење на телесната температура на наставниците, соработниците и студентите со користење на дигитален уред за мерење на телесна температура на растојание. Доколку кај некое лице се утврди телесна температура над 37 степени Целзиусови, на истото ќе му биде оневозможен влез во објектот и истото лице треба да се јави на преглед кај матичен лекар;
16. Забранет е влез на лица кои не се вработени или студираат на УКИМ во објектот на АФС во текот на реализацијата на наставата со физичко присуство;
17. Наставата со физичко присуство се организира во временски модули од 14 дена, при што една група на студенти посетува настава со физичко присуство по еден предмет во текот на 14 дена, а потоа во наредните 14 дена следи настава на далечина;

18. Наставата со физичко присуство ќе се реализира со скратено времетраење на часовите од максимум 30 минути, со цел да се намали времетраењето на физичкиот контакт;
19. Предметниот наставник е должен да изработи детален временски план за реализација на наставата со физичко присуство, со опис на термини и теми на предавањата, вежбите и другите задачи, при што треба да предвиди истовремен престој на настава во ист простор (училница) од максимум 20 лица и да ги информира студентите за планот за реализација на наставата по предметот;
20. При реализација наставата со физичко присуство наставниците, соработниците и студентите се должни во текот на целото времетраење на наставата и нивниот престој во објектот на АФС да носат заштитна опрема која вклучува маска за лице, заштитни ракавици и евентуално заштитен визир.
21. Наставата со физичко присуство се реализира во училниците, амфитеатарот и големата сала на АФС со присуство на максимум 20 лица, заедно со наставниот кадар, кои истовремено престојуваат во училницата. Притоа, во училницата престојуваат наставниците и соработниците и студентите кои во моментот имаат настава (вежби, консултации или презентации). Останатите студенти чекаат пред соодветната просторија на означени места за чекање со физичка дистанца од другите колеги;
22. Наставата со физичко присуство се организира на начин што студентите од една студиска година престојуваат само во еден дел од објектот. Факултетот ќе ги означи деловите во кои ќе се реализира наставата од една студиска година. Студентите треба да престојуваат само во делот од објектот на факултетот во кој се реализира наставата со физичко присуство за предметите кои ги слушаат со цел да се намалат физичките контакти помеѓу студенти од различни студиски години;
23. Студентите треба доследно да ги почитуваат утврдените временски планови за реализација на наставата со физичко присуство и да доаѓаат најмногу 10 минути пред започнувањето на наставата и да заминат од објектот веднаш по завршувањето на наставата;
24. Студентите се движат по строго утврдените траектории на движење и престојуваат само во просториите кои се наменети за наставата по предметите кои ги следат. Забрането е групирање на студенти, соработници и наставници без почитување на мерките за физичка дистанца;
25. При реализацијата на наставата со физичко присуство сите корисници на просторот треба да практикуваат физичка дистанца од најмалку 1,5 м, да не се ракуваат или поздравуваат со физички контакт и во случај на кашлање или кивање истото да го чинат со покривање на устата и носот;
26. Наставниот простор, по реализацијата на наставата со една група студенти задолжително се проветрува во времетраење од најмалку 20 минути;
27. Пред почетокот на наставата и по завршувањето на наставата со физичко присуство во работниот ден се врши дезинфекција на сите површини во наставниот простор со хемиски средства и со УВ лампи;

28. Употребата на библиотеката на факултетот е во строго утврдените термини од страна на библиотекарот со претходно закажување на термин на е-мејл адресата на библиотекарската служба. Дозволен е престој на само еден корисник на библиотеката, при што останатите корисници чекаат пред библиотеката на места означени за чекање со почитување на физичката дистанца од 1,5 м. Корисниците на библиотеката задолжително носат заштитна маска на лицето и ги дезинфицираат рацете пред и по употребата на библиотеката;
29. Употребата на тоалетите е исклучиво индивидуална, односно дозволена е употребата на тоалетот на само еден корисник, при што останатите корисници на тоалетот чекаат пред тоалетот на места означени за чекање со почитување на физичката дистанца од 1,5 м. Корисниците на тоалетот задолжително носат заштитна маска на лицето и ги дезинфицираат рацете пред и по престојот во тоалетот;
30. Забранета е консумација на било каков вид на храна и пијалаци во просториите на АФС;
31. Наставниците, соработниците и студентите се должни да водат дневник на контакти во кој на дневна основа ќе ги запишуваат контактите со сите лица во текот на реализацијата на наставата со физичко присуство. Податоците од дневниците на контактите ќе се користат исклучиво во ситуација на појава на заразено лице со цел информирање на контактите за новонастанатата ситуација;
32. Предметните наставници кои ќе ја користат службената ИТ опрема (лаптопи, табли за цртање, печатачи, скенери) или личната ИТ опрема се должни истата да ја дезинфицираат по завршувањето на наставата со физичко присуство;
33. Студентите ја користат сопствената ИТ опрема и опрема за цртање се должни да вршат нејзина дезинфекција пред и по реализација на наставата со физичко присуство;
34. Во случај кога студентот од објективни причини не е во можност да присуствува на наставата со физичко присуство потребно е официјално да се обрати до деканатот на АФС и до ФСС на АФС со цел да се обезбеди следење на наставата на далечина;
35. Размената на информациите за реализацијата на наставата и обврските на студентите ќе се реализира исклучиво со користење на дигиталната платформа Microsoft TEAMS и со користење на службените кориснички сметки и е-мејл адреси на наставниците, соработниците и студентите како и преку официјалната веб страна на АФС.
36. Колоквиумите и испитите по предметите ќе се реализираат во согласност со сите мерки утврдени со овој протокол за реализација на настава со физичко присуство.